**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоаследното:

Р Е Ш Е Н И Е

За свикување на 30 (триесета) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.10.2023 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

# Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од дваесет и девета седница на Советот на општина Долнени;
2. Ребаланс на буџетот на Општина Долнени

3. Одлука усвојување на ребаланс за 2023 год.
4. Одлука за извршување на ребалансот за 2023 год
5. Разно

Претседател на Советот

на општина Долнени – Долнени

___________________________

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 28 (дваесет и осмата) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.08.2023 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Переcки, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, РахимАдемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски,Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска, Онур Имероски и Марјан Алампиески.

Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

## Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од дваесет и седмата седница на Советот на општина Долнени;
2. Одлука за Годишен план за вработување во општина Долнени за 2024 година.

3. Одлука за усвојување на Годишните Програми за работа во учебната 2023/24 год. ООУ„Пецо даскалот„-Долнени, ООУ „Исмаил Ќемали„-Црнилиште, ООУ „Лирија„ - Житоше, ООУ „ Али Фетхи Окјар“ - Дебреште, ООУ „Ѓорче Петров„ - Ропотово, ООУ „Мирче Ацев„ - Лажани, ООУ „Пере Тошев„ - Дупјачани - Десово,
4. Давање на Согласност на Годишниот план за вработување во ЈКП – Долнени за 2024 година.
5. Одлука за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.
6. Одлука за Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи.
7. Разно.

По читањето на дневниот ред претседателот на советот предложи да се надополни со уште две точки и тоа. Одлука за усвојување на Годишниот план за работа на СОУ „Преродба – Rillindja“ – Житоше за 2023/24 година. и Давање на согласност за измена на Статутот на ЈКП – Долнени. Согласност за обезбедени финансиски средства за годишниот план за вработување за 2024 година.
Вака предложениот дневен ред со дополнување претседателот на советот го стави на гласање од кој едногласно беше прифатен од страна на советниците сите гласаа ЗА.

1. По основ на првата точка од дневниот ред усвојување на записникот од 27 седница без никаква забелешка и дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање.
2. По основ на втората точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрација Канија Алиоски кој објасни за што се работи, нагласи дека станува збор за годишниот план а вработување на општина Долнени кој мора да се донеси а не мора да се реализира. Така што и за оваа година имаше предвидено 14 работни места но не се реализира ниту едно. Вака преставената точка пред советниците беше ставена на гласање од кој сите присутни советници гласаа ЗА.
3. По основ на третата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрација Билал Каришик кој објасни за што се работи и образложи дека станува збор за Годишна програма кој што се носи секоја година ова време за да можат основните училишта да функционираат. Вака преставената точка пред советниците беше ставена на гласање од кој сите присутни советници гласаа ЗА.
4. По основ на четвртата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од ЈКП Долнени Владо кој објасни за што се работи, нагласи дека станува збор за годишниот план а вработување на ЈКП – Долнени кој мора да се донеси а не мора да се реализира. Вака преставената точка пред советниците беше ставена на гласање од кој сите присутни советници гласаа ЗА.
5. По основ на петата точка од дневниот ред без никаква забелешка и дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање. Од кој сите присутни советници гласаа ЗА.
6. По основ на шестата точка од дневниот ред без никаква забелешка и дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање. Од кој сите присутни советници гласаа ЗА.

7. По основ на седмата точка од дневниот ред без никаква забелешка и дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање. Од кој сите присутни советници гласаа ЗА.
8. По основ на осмата точка од дневниот ред без никаква забелешка и дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање. Од кој сите присутни советници гласаа ЗА.
9. По основ на деветтата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрација Канија Алиоски кој објасни за што се работи, нагласи дека станува збор за годишниот план а вработување на општина Долнени и дека се обезбедени финансиски средства за реализира на годишниот план за вработување. Така што и за оваа година имаше предвидено 14 работни места но не се реализира ниту едно. Вака преставената точка пред советниците бешеставена на гласање од кој сите присутни советници гласаа ЗА
10. По основ на деветтата точка од дневниот ред претседателот на советот гипрочита неколкуте барања кои беа упатени до советот на општина Долнени. Барање од ФК Братство 07 Житоше кој бараат од да им се помогне финансискиза да можат децата од општина Долнени да се регистрираат како сите други ида учествуваат во бројни турнири.

Барање Семрије Идризи од с. Лажани кој бара финансиска помош бидејќи е самохрана мајка на три малолетни деца и живее само од социјално. Советот донесе заклучок да и се доделат 10.000 денари.

Барање од Христијан Миткоски од с. Сенокос кој бара финансиска помош бидејќи ми е нарушено моето здравје се чувствувам осамен и живеам со мојата самохрана мајка. Советот донесе заклучок да и се доделат 10.000 денари.

З а п и с н и ч а р

________________________

Еркан

Претседател
на Советот на општина Долнени